Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 32 и 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Сл. весник на РСМ“ бр.14/2022 од 20. 01.2022 година), расправајќи по изготвен реферат по правно прашање, иницирано од жалбениот совет - „Дали кога подносители на барање за судење во разумен рок се повеќе лица, на кои својството на странка во стечајната постапка им е утврдено со стечајно решение како „ГРУПА ВРАБОТЕНИ 950“ како еден доверител, со вкупен износ на побарувањето, а не поименично, правичниот надоместок треба да биде утврден во поединечни износи или збирен, како за едно барање односно странка“, на седницата одржана на ден 18.04.2022 година, го усвои следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Кога подносители на барањето за судење во разумен рок се повеќе лица, на кои својството на странка во стечајната постапка им е утврдено со стечајно решение како еден доверител, со вкупен износ на побарувањето, а не поединечно односно поименично наведени, правичниот надоместок поради претходно утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, ќе се досуди во поединечни износи, за секој легитимиран подносител пооделно.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајки по иницијатива на жалбениот совет, кој одлучува по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Одделот за судење во разумен рок, расправаше по правно прашање по изготвен реферат на судијата - известител по предметот.

По поднесени барања за судење во разумен рок од вработени Друштвото ........... Ч. АД увоз-извоз К., преку полномошник Д.Ч.Г., адвокат од С., Врховниот суд на Република Северна Македонија, заради целисходност, во смисла на член 36 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19), врз основа на наводите во барањето и увидот во списите на предметот, одлучи предметите ПСРРГ.бр......,ПСРРГ.бр.....,ПСРРГ.бр.......,ПСРРГбр......,ПСРРГ.бр........, ПСРРГ.бр.........., ПСРРГ.бр....... да се спојат и за истите да се одлучи со едно решение ПСРРГ.бр......., од причина што барањата произлегуваат од ист правен однос, односно се работи за ист стечаен предмет во кој подносителите се јавуваат како стечајни доверители.

Со решение на Врховниот суд на Република Северна Македонија ПСРРГ.бр........ од ...... година, барањето на вкупно 427 подносители наведени во решението, се усвојува. Се утврдува повреда на правото на судење во разумен рок, во постапката по предметот Ст.бр.75/13 на Основен суд Штип (претходно Ст.бр.239/03 на Основен суд Куманово). Се определува рок од девет месеци, сметано од денот на прием на правосилното решение, во кој Основен суд Штип да ја заврши постапката по предметот Ст.бр.75/13. Се досудува правичен надоместок на подносителите на барањето заради повреда на правото на судење во разумен рок во вкупен износ од 427.000,00 денари, кој да биде исплатен во рок од три месеци по правосилноста на решението.

Против првостепеното решение ПСРРГ.бр........, полномошникот на подносителите, до Врховниот суд на Република Северна Македонија поднел жалба на 23.11.2021 година, поради суштествени повреди на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се усвои, предметното решение да се преиначи на начин што ќе се досуди правичен надоместок во износ од по 600.000,00 денари, поединечно за секој подносител.

Во образложението на жалбата се наведува дека Врховниот суд во обжаленото решение не го спори својството на странки во постапката на 427 подносители, сега жалители, туку е спорно тоа што нивното барање е утврдено групно и со тоа се обидува да го оправда нискиот правичен надоместок, со што намерно се оштететуваат подносителите. Во продолжение, давајќи свое образложение против овој изразен став на Врховниот суд, полномошникот се повикува на судската пракса, наведувајќи конкретни решенија кои се однесуваат на предметите М.Ф. и Т. како и предмети од праксата на Европскиот суд за човекови права.

Постапувајќи по предметната жалба, пред Врховен суд на Република Северна Македонија оформен е предмет, по кој расправаше судечкиот совет.

Согледувајќи ја жалбата и спецификите на правното прашање, на седницата одржана на 09.03.2021 година, Советот одлучи ова прашање да се расправа на Одделот за судење во разумен рок, за да се заземе конкретен став.

Одделот за судење  во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по поставеното правно прашање, го утврди правното мислење, поради постоење на следните причини:

Првостепениот совет при одлучување по поднесеното барање за заштита на правото на судење во разумен рок, по утврдување на повреда на член 6 став 1 од ЕСЧП, односно повреда на правото на судење во разумен рок по конкретната постапка и при определување на правичен надоместок во вкупен износ од 427.000,00 денари за сите 427 подносители заедно, имал предвид дека пријавата на стечајно побарување од 11.12.2003 година, до стечајниот управник била поднесена од ДОВЕРИТЕЛ: Вработени на Ч. АД (950 работници), меѓу кои се и 427-те подносители. Со решение на Основниот суд Куманово Ст.бр.239/03 од 14.01.2004 година, под реден број 83, било утврдено побарување во стечајната постапка во износ од 310.334.110,00 денари како побарување на еден доверител - „ГРУПА ВРАБОТЕНИ 950“  (без да бидат наведени поединечно со име и презиме). Во Табела (шема) на утврдени побарувања на ДПТУ Ч. АД увоз - извоз К. во стечај, која стечајниот управник ја доставил до Основен суд Штип на 27.01.2020 година, под реден број 79, било утврдено побарување на Доверител - 83. ГРУПА ВРАБОТЕНИ 950. Во поднесокот за уредување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок ПСРРГ.бр........ година, од полномошникот на 427 подносители, од 01.07.2021 година, било истакнато дека побарувањата на вработените стечајни доверители, меѓу кои се и 427-те сега подносители на барањето, видно од решението на Судот Ст.бр.239/03 од 14.01.2004 година, СЕ УТВРДЕНИ ГРУПНО и тоа како стечаен доверител „ГРУПА ВРАБОТЕНИ 950“ во износ од 310.334.110,00 денари, а не поединечно со име, презиме и висина на нивни поединечни утврдени побарувања. Тоа што со решенијата на Основен суд Куманово Ст.бр.239/03 од 14.01.2004 година и Ст.бр.239/03 од 06.09.2005 година, со кои се утврдени побарувања на доверителите, утврдени биле и побарувања поименично

на вработени кај стечајниот должник, меѓу кои и на некои од 427-те подносители, не го менува фактот дека правото за поднесување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок за постапката по предметот Ст.бр.75/13 на Основен суд Штип, подносителите го црпат од својството на странка во стечајната постапка, чие побарување било утврдено како побарување на еден доверител и тоа под „ГРУПА ВРАБОТЕНИ 950“.

Одделот наоѓа дека првостепениот совет правилно ја утврдил фактичката состојба, кога утврдил повреда на правото на судење во разумен рок во конкретната постапка, но погрешно го применил материјалното право при определувањето на статусот на подносителите на барањето, како и по однос на вкупно определениот паричен надоместок за сите подносители.

Првостепениот совет со прифаќање на уредувањето на барањата на сега подносителите со индивидуално поднесените барања за заштита на правото на судење во разумен рок и нивно издвојување од вкупната група на доверители „ГРУПА ВРАБОТЕНИ 950“, го прифаќа индивидуалното својство на странки во постапката на 427 подносители, сега жалители, а сепак нивниот паричен надоместок, поради утврдената повреда на правото на судење во разумен рок, го определува во вкупен износ за сите подносители заедно.

Согласно судската пракса на овој Суд, кога барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е поднесено од повеќе подносители, при утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, правичниот надоместок ќе се досуди во поединечни износи за секој подносител поодделно. Тоа што првостепениот совет извршил индивидуализација на подносителите на барањето од доверителот именуван како „ГРУПА ВРАБОТЕНИ 950“, односно со барањата за уредување, подносителите на барањето биле поединечно и индивидуално идентификувани со лична карта, претставува индивидуализација на нивните барања за заштита на правото на судење во разумен рок, од групата на 950 доверители во стечајната постапка. Имајќи предвид дека, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок треба да содржи податоци за секој подносител на барањето поодделно, што всушност било доставено од страна на подносителите со уредувањето на барањето, претставува индивидуализација на подносителите од групата доверители.

Од изнесеното произлегува дека, кога подносители на барањето за судење во разумен рок се повеќе лица, на кои својството на странка во стечајната постапка им е утврдено со стечајно решение како еден доверител, со вкупен износ на побарувањето, а не поединечно и поименично наведени, правичниот надоместок поради претходно утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, треба да биде утврден во поединечни износи, за секој легитимиран подносител поодделно.

**Оддел за судење во разумен рок**